# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-147/13 од 12.9.2018 год., донесена на 161. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 11.9.2018 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *меѓународна економија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 12.7.2018 год. и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

***Д-р Весна Георгиева-Свртинов*** е родена на 1.8.1981 година во Тетово, каде што завршува основно и средно училиште со одличен успех. Во 2000 година дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во учебната 2005/2006 година се запишува на постдипломските студии на истиот Универзитет, на отсекот Монетарна економија. Магистрира во 2008 година на тема „*Хармонизација на банкарската регулација во Р.Македонија со регулативниот систем на Европската Унија*”. Во февруари 2011 година, успешно ја брани докторската дисертација на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на тема „*Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност*”, под менторство на проф. д-р Михаил Петковски, при што се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов својата работна кариера ја започнува во учебната 2006/2007 година, како помлад асистент на Економскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово. Во периодот од 2008 до 2011 година работи во фамилијарен бизнис, во фирмата за ентериери „ДООЕЛ Порта ентериери”, каде што ги води сметководствените и финансиските работи. Во текот на 2011 година остварува практикантски стаж во Центарот за стратегиски истражувања при Македонската академија на науките и уметностите, со цел да има пристап до современа литература, контакт со академици од областа и да ги продолжи своите истражувања во материјата во којашто се специјализирала. Една година работи во Секторот за комерцијално банкарство во ТТК Банка АД Скопје, како соработник за клиенти-население. Во декември 2012 година е избрана за доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на Катедрата за финансии. Од декември 2014 година е вработена на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, најпрво како доцент, а од јуни 2018 година како вонреден професор од областа меѓународни економски односи. Во периодот 2014-2016 година е визитинг професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Во текот на својот работен ангажман во Институтот, д-р Весна Георгиева-Свртинов активно учествува во реализацијата на предвидените активности од научен и од едукативен карактер.

Автор е на два учебника: „Меѓународен финансиски менаџмент“ и „Економија на пари, банкарство и финансиски институции“, на монографијата „Финансиска либерализација и финансиска стабилност”, коавтор на неколку монографии и на бројни стручни и научни трудови од областа на економијата. Има учествувано во шест меѓународни научни проекти,

во девет национални научни проекти и била раководител на еден национален научен проект. Исто така, учествува на повеќе конференции и научни собири.

Во своето досегашно работење повеќе пати била член на комисии за одбрана на докторски дисертациии и на магистерски трудови.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

- *Доцент од научната област во која се избира:*

Кандидатката Весна Георгиева-Сврtинов е доктор на економски науки, со одбранета докторска дисертација на тема „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност" во 2011 година. Во декември 2012 година е избрана во звење доцент по група предмети од наставно-научната област  економски развој на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во декември 2014 година е избрана во наставно-научното звање доцент од областа меѓународни економски односи на Економскиот институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Во јули 2018 година е избрана во наставно-научното звање вонреден професор од областа меѓународни економски односи на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

- *Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научносписание со импакт фактор во последните пет години.*

Информации за оваа точка:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Georgieva Svrtinov Vesna,** Todevski Dusko, Vesna Micajkova and Boskovska Diana | The Relationship between banks' profitability performance and banks risk exposure in the case of Macedonian banks | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje No 1-2/2018, June 2018 | 1999 |
| | Vesna Micajkova, **Vesna Georgieva Svrtinov,** Emanuela Esmerova and Vladimir Petkovski | Selecting Appropriate Forecast Method On The BasisOf Forecast Accuracy - Pharmaceutical CompanyCase Study. | Journal Of The Institute Of Economics - Skopje. Year. 20 No. 1-2/ 2018. | 1999 |
| 2. | **Georgieva Svrtinov Vesna,** Todevski Dusko, Boskovska Diana and Gorgieva-Trajkovska Olivera | New evidence for Monday's and January's effects on the Macedonian stock exchange index (MBI10) returns | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. Vol. 19, Issue 1-2/2017 | 1999 |
| 3. | **Georgieva Svrtinov Vesna**, Gorgieva-Trajkovska Olivera and Koleva Blagica | The effect of foreign direct investment in Western Balkan economies for the period 2005-2015. | Iliria International Review, 7 (1) 2017 | 2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Diana Boskovska, Biljana Angelova, **Vesna Georgieva Svrtinov** | Turnover as an Indicator for the Macedonian Stock Exchange | Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje. 19 No.1-2/2017 | 1999 |
| 5. | Diana Boshkovska**, Vesna Georgieva Svrtinov,** Natasha Daniloska | Development of the Macedonian Stock Exchange | Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year 19, No.3/2017 | 1999 |
| 6. | Diana Boshkovska Elizabeta Djambaska, Vladimir Petkovski, **Vesna Georgieva Svrtinov** | Market capitalization and factors of its determination – the case of Republic of Macedonia | Economics , University of Petroşani, 16 (1), 2016. | 2001 |
| 7. | **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Boskovska, Diana and Djambaska, Elizabeta and Gorgieva-Trajkovska, Olivera | Western Balkan Countries Before and After the Great Recession. “ | Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, No.1-2/2016. | 1999 |
| 8. | **Vesna Georgieva Svrtinov,** Gjorgieva-Trajkovska Olivera and Boskovska Diana | Risk of shares on the Macedonian capital market measured by the Beta coefficient. | Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje. Vol. 18 Issue 1/2, 2016 | 1999 |
| 9. | **Georgieva Svrtinov Vesna**, Boskovska, Diana, Lozanoska, Aleksandra and Gorgieva-Trajkovska, Olivera | Euro zone debt crisis: theory of optimal currency area. | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 3. pp. 121-136. ISSN 1857-7741, 2015 | 1999 |
| 10. | **Georgieva Svrtinov Vesna**, Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Temjanovski, Riste | Sudden stops and current account reversals: The Euro area experience | The Journal of South East European University, 11 (2), 2015 | 2007 |
| 11. | Diana Boskovska, Biljana Angelova, **Vesna Georgieva Svrtinov** | Simplified Customs Procedure in the Republic Of Macedonia and it's Fiscal Effect | Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year 17, No.3/2015 | 1999 |
| 12. | **Georgieva Svrtinov Vesna**, Gorgieva-Trajkovska, Olivera, Nikoloski, Krume and Koleva Blagica | External debt as a fundamental problem of developing countries | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 20-28. ISSN 2307-4531. 2014 | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | **Georgieva Svrtinov Vesna**, Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Temjanovski, Riste | Cost and benefits of adopting Euro | Pakistan Journal of Social Sciences (PJSS) 1 (3),2014 | 2009 |
| 14. | **Georgieva Svrtinov Vesna**, Dimitrova, Janka, Nikoloski, Krume and Koleva Blagica | The Flow of Capital and the Eurozone Crisis. | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 177-187. ISSN 2307 – 4531. 2014 | 2009 |

- *Има рецензиран учебник во областа во која се избира - Меѓународна економија (образложение во натамошниот текст);*
- *Има остварено учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати (наведени податоци подоцна);*
- *Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност (образложение во натамошниот текст).*

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката Весна Георгиева-Свртинов својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2006 година, кога е избрана во соработничко звање помлад асистент по предметите Финансиско сметководство и Управувачко сметководство на Економскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово.

Во 2012 година е избрана за доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. По изборот во звањето доцент изведува настава и вежби на првиот циклус студии по предметите: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Макроекономија, Микроекономија, Европски монетарен систем и монетарна политика, Меѓународни финансии, Финансиски менаџмент, Биланс на плаќања, Меѓународен финансиски менаџмент и Монетарна економија.

Со Одлука бр. 02-1018/1 од 6.7.2018 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор* по наставно-научната област меѓународени економски односи на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методи" во Скопје. На Економскиот институт е ангажирана во изведување на настава на втор циклус студии по предметите: Економија на пари, банкарство и финансиски пазари, Менаџерски финансии, Финансиска анализа и известување, Макроекономски политики и развој, Оценување на инвестиции, Планирање и оптимизација на логистика, Меѓународни финансиски пазари и институции, Финансиски пазари и институции, Девизен пазар и девизно работење и Корпоративно претприемништво.

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов има издадено два рецензирани учебници (што е и еден од условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип).

При изборот во наставно-научното звање *вонреден професор, кандидатката ги приложила и се вреднувани следниве учебници, учебни помагала и монографии:*

1. Финансиска либерализација и финансиска стабилност, монографија, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2013 година-автор.
2. Меѓународен финансиски менаџмет, учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2014 година – автор.
3. Економија на пари банкарство и финанисики пазари, учебник за студентите на втор циклус студии на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2016 година – автор.

4. Научната дијаспора од Република Македонија, монографија, Економски институт, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Видекс БВ – Скопје, 2014 година - коавтор.
5. Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија, монографија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2016 - коавтор.
6. Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во РМ и можности за нивно унапредување, монографија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2017 година - коавтор.
7. „SEE-6 Economic Outlook", Меѓународната публикација, SEEA, Vol. 1, No. 1, November, 2015, коавтор.
8. Хармонизација на банкарскиот систем во Република Македонија со банкарската регулатива на Европската Унија, магистерски труд, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2008 година.
9. Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност, докторска дисертација, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2011 година.

При изборот во наставно-научното звање *вонреден професор, кандидатката ги приложила и се вреднувани следниве научни и стручни трудови:*

1. The Relationship between banks' profitability performance and banks risk exposure in the case of Macedonian banks. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje No 1-2/2018, June 2018.
2. Selecting Appropriate Forecast Method On The BasisOf Forecast Accuracy - Pharmaceutical CompanyCase Study, Journal Of The Institute Of Economics - Skopje. Year. 20 No. 1-2/ 2018.
3. New evidence for Monday's and January's effects on the Macedonian stock exchange index (MBI10) returns, Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. Vol. 19, Issue 1-2/2017.
4. The effect of foreign direct investment in Western Balkan economies for the period 2005-2015. Iliria International Review, 7 (1) 2017.
5. Turnover as an Indicator for the Macedonian Stock Exchange Operating. Economic Development Journal of the Institute of Economics – Skopje. 19 No.1-2/2017.
6. Development of the Macedonian Stock Exchange Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year 19, No.3/2017.
7. Does liquidity and bank capital affect commercial banks profitability? Evidence from countries of Southeast Europe. International scientific conference: Contemporary approaches in the analysis of economic performances. Faculty of Economics, University of Nis, 2017.
8. Informative perspective of financial disclosure and its importance for capital market efficiency. Proceedings of International Academic Conference on Management, Economics, Business and Marketing-MEBM in Budapest, 2016.

*Informative Perspective Of Financial Disclosure And Its Importance For Capital Market Efficiency.* Proceedings of International Academic Conference on Management, Economics, Business and Marketing-MEBM in Budapest 2016. ISSN 978-80-906231-4-9 Czech Technical, 2016.

Предизвици на менаџерското сметководство во услови на глобализација. VI Меѓународна научна и практична конференција „Управување со развојот на економските регионални системи: евроазиска перспектива". ISSN 978-608-244-374-4, 2016.

Влијанието на глобализацијата врз сметководството. Зборник на трудови, Економски факултет, VI-та Меѓународна научна и практична конференција „Управување со развојот на економските регионални системи: Евроазиска перспектива". ISSN 978-608-244-374-4, 2016.

9. Market capitalization and factors of its determination – the case of Republic of Macedonia. Annals of the University of Petroşani, Economics, 16 (1), 2016.

*Western Balkan Countries Before and After the Great Recession*. "Economic Development", Journal of the Institute of Economics-Skopje, No.1-2/2016. ISSN 1857-7741, 2016.

10. Risk of shares on the Macedonian capital market measured by the Beta coefficient. Economic Development, Journal of the Institute of EconomicsSkopje. Vol. 18 Issue 1/2, 2016

*Gold as instrument to financial (un)stability / towards a new architecture of the international financial system*. Journal of Economics, No. 9. University Goce Delcev, Stip, Macedonia. pp. 1-10., 2016.

Корпоративното управување во транзиционите економии. International Journal Knowledge. ISSN 1857-92, 2016.

Implementation possibilities for the concept of management accounting in the Republic of Macedonia. Journal "Economic Outlook", 18 (1). pp. 85-99. ISSN 1450-7951, 2016.

The role of corporate governance in transition economies: contribution and development. Universitatea "Constantin Brâncuşi" din Târgu-Jiu (5). ISSN 1844 – 7007, 2016.

*Euro zone debt crisis: theory of optimal currency area*. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 3. pp. 121-136. ISSN 1857-7741, 2015.

Sudden stops and current account reversals: The Euro area experience.The Journal of South East European University, 11 (2).2015.

11. Simplified Customs Procedure in the Republic Of Macedonia and it's Fiscal Effect. Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year 17, No.3/2015.

*Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 23 (1). pp. 276-282. ISSN 2307-4531, 2015.

12. Influence of workers' remittances on alleviation of the current account reversals in the Western Balkans. International Conference of the Balkans demography:The population of the Balkansat the dawn of the 21st century, October 2015.
13. Accounting treatment of intangible assets. Proceeding of 11-th International scientific conference of young scientists, "The Economy of Bulgaria and European Union: Competitiveness and innovations", UNWE Sofia, Faculty of Finance and Accountancy, 2015.

Влијание на нематеријалните средства врз пазарната вредност на компаниите. Годишен зборник на Економски факултет, УГД-Штип. ISSN 1857- 7628, 2015.

The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia. Зборник на трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје. ISSN ISBN 978-608-4574-62-0, 2014.

Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика. Зборник од петта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток-Запад Меѓународен славјански институт, Свети Николе, 1 (1). pp. 342-345. ISSN 978-608-4689-04-1., 2014.

Contribution and problems of foreign investment to sustainable development of developing countries. Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад" (Култура, славјанство и економија), 1 (1). pp. 503-507. ISSN 978-608-4689-04-1, 2014.

Globalization and the income distribution between the countries. Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје. ISSN 978-608-4574-62-0, 2014.

*The macroeconomic effects of remittances in southeast Europe*. Book of proceedings from 5th International Scientific Conference "Economic and Social Development" Belgrade . ISSN 978-953-6125-08-1, 2014.

Positive and negative effects of financial globalization on developing and emerging economies. International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization". pp. 127-128.,2014.

*Attractiveness of accounting profession*. Proceeding of the International scientific conference dedicated to the professional accountant's day in Moldova. pp. 23-25. ISSN 978-9975-75-710-2, 2014.

14. Cost and benefits of adopting Euro. Applied Sciences and Business Economics Journal, 1 (3), 2014.

Моралните вредности, информацијата и науката. Knowledge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute of knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-8-1, 2014.

*Effective financial reporting as a knowledge for boosting the economic growth*. Knowlwdge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute for knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-7-4. 2014.

External debt as a fundamental problem of developing countries. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 20-28. ISSN 2307-4531. 2014.

*The Flow of Capital and the Eurozone Crisis*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 177-187. ISSN 2307 – 4531. 2014.

Capital flows to emerging and transition economies during and after the global financial crisis in 2008. Balkan Social Science Review, 1. ISSN 1857- 8772. 2013.

*The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics*. International Scientific Conference: "Finance and Economic Accounting-the Current Situation, Trends and Prospects. ISSN 978-954-23-0909-3, 2013.

International education standards for professional accountants. Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary of Finance and Economic Accounting Bachelor Programme, 2. pp. 222-227. ISSN ISBN 978-954-23-0910-9, 2013.

The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads). Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција „Финансиите и финансиското сметководство - состојби,тенденции, перспективи", Стопанска академија Ценов, Свиштов, Бугарија, 2013. ISSN 978-954-23-0910-9, 2013.

Подобрување на деловното одлучување преку ефикасно финансиско известување. Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија. pp. 53-71. ISSN 978-9989-747-32-8, 2013.

Современите финансиски кризи во ерата на глобализацијата. Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. ISSN 978-608-4574-58-3, 2013.

Creative and culture entrepreneurship in global business world. Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. ISSN 978-608-4574-58-3, 2013.

Liberalization of capital flows in the EU accession countries. The Future of Integration, the Future of the European Union. ISSN 978-954-23-0867-6, 2013.

Capital Flows and the Eurozone Crisis-Implications for Economic Policy. 8th Annual International Academic Conference on European Integration.,2013.

Strengthening culture, knowledge and innovation as drivers of economy growth. Jubilee International Scientific Conference "Standards in and challenges to public administration in the XXI century", 2013.

Историски развој на финансиската глобализација. Четврта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - запад (култура, славјанство и економија). pp. 682-685. ISSN 978-608-4689-04-1, 2013.

Strengthening institutional architecture to support the small-medium enterprises to make Macedonian economy more competitive in global challenges. Четврта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - Запад (култура, славјанство и економија). pp. 623-627. ISSN 978-608-4689-04-1, 2013.

Прашања и дилеми во врска со капиталната либерализација-посебен осврт на Република Македонија. Годишен зборник - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISSN 1857- 7628, 2013.

Economic activity, trade flow and gravity model. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 5 (1), 2013.

*Во продолжение следи евалуација на позначајните трудови на кандидатката*

1. ***Финансиска либерализација и финансиска стабилност-монографија***

Либерализацијата на капиталната сметка овозможува поефикасна меѓународна алокација на средствата и предизвикува низа други поволни ефекти во земјите кои ја

спроведуваат. Зголемената мобилност на капиталот на земјите со ниски стапки на домашно штедење им овозможува да обезбедат странски извори за финансирање на сопствените продуктивни проекти и да го зголемат економскиот раст, а со тоа и стандардот на живеење и вработеноста.

Капиталната либерализација на инвеститорите им овозможува да извршат диверзификација на своето портфолио, т.е. можност да го дисперзираат ризикот. Сепак, според најновата генерација модели на финансиски кризи се смета дека капиталната сметка може да биде извор на сите проблеми. Имено, со либерализација на капиталните движења, тековите на капиталот е многу потешко да се контролираат, па затоа процесот на финансиско отворање вообичаено е проследен со проблеми и со сериозни нарушувања на финансиската стабилност, па дури и со тешки финансиски кризи.

Во оваа книга главно се нагласува поголемата придобивка од капиталната либерализација од нејзините потенцијални трошоци, но под услов земјите добро да се подготват за ваквиот процес. Притоа, се препорачува најпрвин да се намали фискалниот дефицит и да се доведе на едно одржливо ниво, потоа да се либерализира надворешната трговија, па да се изврши соодветно регулирање и јакнење на финансиските институции, а дури потоа наполно да се либерализира капиталната сметка. Покрај тоа, за да се одржи финансиската стабилност во земјата, прво треба да се либерализираат долгорочните, а потоа краткорочните капитални трансакции. Всушност, отворањето на финансиско-капиталната сметка, треба да биде последна фаза од стабилизациската програма на земјата.

Исто така, во книгата особено се истакнува растечкиот тренд на капитални контроли по последната глобална финансисска криза. Многу економии, како: Бразил, Кина, Аргентина, Тајван, Тајланд, Јужна Кореја, Перу, Индонезија и други, воведоа различни форми на капитални контроли, за да ги лимитираат прекумерните капитални приливи и да го намалат притисокот врз националните валути.

2. ***The Relationship Between Banks' Profitability Performance And Banks Risk Exposure In The Case Of Macedonian Banks***

Предмет на овој труд е да се одреди односот помеѓу профитабилноста и различните видови ризици во македонската банкарска индустрија. Како показатели на профитабилноста се користат: повратот на средствата (ROA), нето каматна маргина и профитот. За целите на анализата е направена емпириска анализа со помош на панел VECM модел на примерок од 14 банки од вкупно 15 банки во македонскиот банкарски систем во периодот од 2012 до 2016 година.

Резултатите од анализата покажуваат дека кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ликвидносниот ризик имаат значително влијание врз профитабилноста на банката, додека валутниот ризик не покажа статистичка важност за профитабилноста на македонскиот банкарски сектор. Според презентираните резултати, кредитниот ризик има позитивен, додека ризикот од промена на каматните стапки и ризикот на ликвидност имаат негативен однос со профитабилноста на банката.

3. ***Selecting Appropriate Forecast Method On The Basis Of Forecast Accuracy - Pharmaceutical Company Case Study***

Успехот на компаниите во голема мера зависи од точноста на прогнозите од кои големо значење има прогнозата на продажбата. Прогнозата за продажба е најважна, бидејќи е основа на сите други предвидувања. Затоа, користењето на соодветен метод за прогноза е многу важен. Целта на овој труд е да обезбеди преглед на три методи на продажни временски серии за прогнозирање: moving average, exponential smoothing and regression analysis и да презентира пристап за најсоодветни методи на селекција. Методите се презентираат со користење на податоци на приходите од продажба од „Алкалоид" АД Скопје за период од 2001 до 2015 година. Притоа, најсоодветниот метод за прогноза е утврден врз основа на точност на прогнозата измерена преку: средно апсолутно отстапување (MAD), средна апсолутна процентуална грешка (MAPE) и средна квадратна грешка (MSE).

4. ***Turnover as an Indicator for the Macedonian Stock Exchange Operating***

Во трудот се анализира состојбата, трендовите и нивото на развој на Македонската берза на хартии од вредност. Истражувањето е направено врз основа на следните параметри: остварениот вкупен промет, видовите трансакции на пазарот, сегментите на пазарот (официјален и редовен пазар ) и видовите на инвеститори. Во анализата се опфатени 10 години од функционирањето на Македонската берза (2005-2015), што овозможува да се согледа влијанието од глобалната финансиска криза врз работењето на Берзата. Од анализата се согледува дека по економскиот бум во 2007 година, тргувањето со сите пазарни сегменти оди во надолна линија. Притоа се истакнува дека најголемата пречка за развој на Македонската берза е слабата понуда на финансиски инструменти, ниската ликвидност, но и политичката криза во земјата во последниве години.

5. ***The effect of foreign direct investment in Western Balkan economies for the period 2005-2015***

Овој труд ги истражува ефектите од надворешните странски директни инвестиции (СДИ) во земјите од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија) во периодот од 2005 до 2015 година. Во сите овие земји СДИ се добредојдени од страна на владините претставници, бидејќи тие очекуваат овие текови на капитал да имаат позитивно влијание врз извозот на домашна земја, БДП, стапката на вработеност, како и позитивни ефекти врз билансот на плаќања. Главните хипотези во трудот се тестираат економетриски, при што се идентификува слаба корелација помеѓу странските директни инвестиции од една страна и извозот, БДП и стапката на вработеност од друга страна. Во повеќето земји анализата потврдува статистички значајна корелација меѓу СДИ и дефицит на тековната сметка на платниот биланс.

6. ***New evidence for Monday's and January's effects on the Macedonian stock exchange index (MBI10) returns***

Во овој труд кандидатката ги разгледува календарските ефекти врз дневниот поврат на македонската берза во периодот од 2006 до 2016 година. Трудот се фокусира на две аномалии на пазарот: ефектот на денот во неделата и ефектот на месецот во годината. Целта на трудот е да се утврди дали е можно да се добие повисок поврат од пазарниот принос на Македонската берза со користење на алтернативни инвестициски стратегии поврзани со ефектите од денот во неделата и месецот во годината т.е. јануарскиот ефект и ефектот на понеделникот. Во трудот е направена емпириска анализа која покажува дека на нашата берза постои ефектот на неделата или уште наречен понеделнички ефект, што значи дека во понеделникот во просек се остварува поголем поврат од просечниот поват во останатите денови. Сепак, резултатите не покажауваат постоење на ефектот на месецот во годината или уште наречен јануарски ефект, што значи дека месецот во годината кај нас нема влијание врз повратот на инвестициите.

7. ***Does liquidity and bank capital affect commercial banks profitability? Evidence from countries of Southeast Europe***

Комерцијалните банки секогаш се соочуваат со прашањето на компромис (t rade off) меѓу ликвидноста, безбедноста и профитабилноста, обидувајќи се да најдат рамнотежа меѓу нив, бидејќи овие цели меѓусебе се контрадикторни. Во трудот се прави економетриска анализира за да се утврди односот помеѓу профитабилноста од една страна и ликвидноста и банкарскиот капитал од другата страна во комерцијалните банки во неколку земји од Југоисточна Европа. Освен врската помеѓу променливите на интерес, се утврдува и јачината и насоката на таа врска.

Резултатите покажуваат дека односот помеѓу профитабилноста од една страна и нивото на ликвидност и капиталот на банката од друга страна се разликува меѓу различните земји. Во некои земји односот е позитивен, во некои од нив е негативен. Земјите, исто така, се разликуваат во однос силата на насоката и во статистичката важност на интерпретираните резултати. Сепак, односот помеѓу профитабилноста и ликвидноста е позитивен само во случај на Бугарија и Словенија, а во сите други земји е негативен. Односот помеѓу капиталот на банката и профитабилноста е негативен само во случај на Македонија, а во

сите други земји е позитивен. Во принцип, ова покажува дека зголемувањето на ликвидноста ќе резултира со намалување на профитабилноста, додека зголемувањето на капиталот на банката ќе резултира со зголемување на профитабилноста.

8. ***Development of the Macedonian Stock Exchange***

Во овој труд кандидатката го анализира степенот на развој на Македонската берза со примена на повеќе индикатори. Во трудот се прави и компаративна анализа меѓу Македонската берза со некои берзи во регионот, при што се потврдува неповолен тренд во развојот на Македонската берза во однос на берзите во регионот, особено по глобалната финансиска криза. Кога се прави споредба пак со земјите со развиени финансиски пазари, се заклучува дека македонскиот пазар на хартии од вредност многу заостанува зад овие земји анализирано според неговата широчина и длабочина.

9. ***Market capitalization and factors of its determination – the case of Republic of Macedonia***

Предмет на истражување на овој труд е развојот на пазарот на капитал мерен преку коефициент на капитализација во однос на БДП во Република Македонија. Целта на трудот е да се одредат ефектите од различни фактори врз развојот на пазарот на капитал во земјата. За оваа цел се користи повеќекратна линеарна регресија со користење на податоците од 1997 до 2013 година. Како независни варијабли се користат: стапката на раст на БДП, каматната стапка на депозитите, инфлацијата и бруто штедењето како процент од БДП. Анализата покажува дека пазарот на капитал во Република Македонија е плиток, со големи осцилации на степенот на пазарна капитализација во однос на БДП. Поради тоа, факторите на економскиот раст, т.е. варијаблите кои се користат во истражувањето не покажуваат значително влијание врз македонскиот пазар на капитал.

*Western Balkan Countries Before and After the Great Recession*

Главната цел на овој труд е анализа на процесот на економската транзиција во земјите од Западен Балкан во периодот 2000-2014 година. Притоа се потенцира дека за време на овој период, земјите направија радикални политички промени и економски реформи. Тие се отворија за глобална трговија, станаа сè повеќе ориентирани кон извозот и ја проширија улогата на приватниот сектор. Исто така, се истакнува дека земјите ги исполниле критериумите во врска со конвертибилноста на тековната сметка, либерализацијата на каматните стапки, ценовната либерализација и делумната приватизација. Сепак, реформите, како што се приватизација од поголем обем, политика на конкурентност и реструктурирање на претпријата, заостануваат. Во сите земји од Западен Балкан, освен во Србија, стапката на инфлација за време на овој периодот е ниска, што е многу големо достигнување, земајќи ја предвид историјата на хиперинфлација на почетокот на транзицијата. Понатаму, од 2000 година па наваму, земјите што се разгледуваат, исто така, постигнаа напредок во реалната конвергенција, но заостануваат во однос на приходот по глава на жител во однос на земјите од еврозоната.

10. ***Risk of shares on the Macedonian capital market measured by the Beta coefficient***

Целта на трудот е определување на Бета коефициентот на акциите на македонскиот пазар на капитал. За да се поедностави пресметката во анализата не се земени сите акции на Македонската берза, туку само акциите кои го сочинуваат индексот МБИ 10. Исто така, се анализира односот помеѓу стапката на поврат и степенот на ризик на МБИ 10. Врз основа на истражувањето се потврдува постоење на негативна корелација помеѓу приносот и ризикот, што е спротивно на наодите од литературата и вообичаената светска практика, што наложува потреба за анализа на причините за оваа состојба на пазарот на капитал во земјата.

*Euro zone debt crisis: theory of optimal currency area*

Во овој труд кандидатката ги објаснува критериумите кои се потребни за една област да се смета за оптимална валута област т.е. подрачје: степен на трговија меѓу земјите,

сличност на деловните циклуси, степен на мобилност на капиталот и на работната сила и систем на распределување на ризици. Гледано низ призмата на овие критериуми, Европската монетарна унија (ЕМУ), до направената анализа во 2015 година, е далеку од тоа да биде оптимална валута област, особено во однос на критериумите на мобилноста на работната сила и фискалната интеграција. Целта на трудот е да се истакнат одредени недостатоци на ЕМУ, како што е ранливоста на асиметричните шокови и нејзината неможност да дејствува како што е предвидено со теоријата за оптимални валутни подрачја. Покрај тоа, се објаснуваат причините за тешкотиите со кои се соочува еврозоната и проблемите кои доведоа до појава на должничката криза. На крајот се истакнуваат соодветни чекори и предуслови кои би требало да се исполнат во насока на придвижување на ЕМУ кон оптимална валутна зона.

11. ***Sudden stops and current account reversals: The Euro area experience***

Во трудот се анализира влијанието кое големиот прилив на капитал и неговиот евентуалнен застој го има врз тековната сметка на платниот биланс. Целта на овој труд е да се разгледа односот помеѓу ненадејните запирања и пресвртите на тековната сметка во земјите од еврозоната и да се објасни можноста за криза во билансот на плаќање во рамките на монетарната унија. Притоа, кандидатката истакнува дека земјите од еврозоната кои беа посиромашни со капитал и за сметка на тоа нудеа поголем поврат на инвестициите доживеаја значителни приливи на приватен капитал од земјите богати со капитал, но овој бран за време на кризата беше проследен со масовни одливи. Поради тоа, периферните земји се соочија со голем дефицит на тековната сметка на платниот биланс.

12. ***Influence of workers' remittances on alleviation of the current account reversals in the Western Balkans***

Овој труд има за цел да ја истражи динамиката на приватните трансфери -дознаките во земјите од Западен Балкан (Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово и Албанија) и нивното влијание врз состојбата на билансот на плаќање. Притоа се истакнува важноста на дознаките во текот на изминатите две децении, со оглед на тоа што распадот на социјалистичкиот систем во Западен Балкан доведе до емиграција од големи размери. Во трудот е направена анализа на големината на дознаките, нивната нестабилност, нивниот однос со другите текови на капитал и аргументите дали дознаките може да помогнат да се намалат пресвртите и дефицитот на тековната сметка во земјата примател на вакви текови. Заклучокот е дека дознаките од странство се сметаат за важна алатка за намалување на тековните дефицити во земјите од Западен Балкан, што значи дека промените во трендовите на овие приватни трансфери може значително да влијаат врз рамнотежата на тековната сметка. Исто така, во трудот се истражува дали дознаките се поважен извор на капитал од странските директни инвестиции за намалување на пресвртите и дефицитот во платните биланси. Притоа се потврдува поголема стабилност на дознаките во текот на последната деценија, во споредба со другите приливи на приватен капитал.

*The Flow of Capital and the Eurozone Crisis*

Во овој труд кандидатката ја анализира улогата на големи капитални приливи во генерирањето на кризата во еврозоната. Притоа се тврди дека влијанието на финансиската дерегулација и либерализација и усвојувањето на заедничката валута, а со тоа и зголемените капиталните текови во рамките на еврозоната е значаен фактор за продлабочување на јазот во конкурентноста меѓу земјите од евроцентарот (како Германија и Холандија) и земјите од т.н. периферна Европа (Грција, Португалија, Шпанија) со што и се објаснува еволуцијата на кризата.

13. ***Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика***

Монетарната политика што ја спроведува Р.Македонија е меѓу ретките земји, која подолго време упорно ја применува стратегијата де факто фиксен девизен курс, наспроти теориските тврдења дека фиксниот девизен курс по неговата примена и по почетните

резултати во намалувањето на инфлацијата, треба да биде променет, па да се премине кон стратегијата на флексибилен девизен курс. Сегашниот режим на девизниот курс е надвор од искуствата на транзиционите економии, кои влегоа во ЕУ или кои го усвоија еврото како национална валута. Во трудот се анализира прашањето, со каква монетарна стратегија да продолжи Република Македонија во наредните години, дали да продолжи со постојната, која се покажа ефикасна во изминатите години или таа треба да се замени со некоја друга стратегија, со која ќе се постигнува основната цел на монетарната политика - ценовната стабилност. Каско предлог во трудот се потенцира стратегијата на таргетирање на инфлацијата, која е релативно нова монетарна стратегија, но земјите кои ја применија остварија пониски стапки на инфлација и пониски инфлациски очекувања.

14. ***Cost and benefits of adopting Euro***

Во овој труд кандидатката ги истражува околностите под кои е корисно и оправдано земјите да бидат членки на валутна зона. Притоа се прави споредба меѓу валутното подрачје на САД и на Европската монетарна унија. Целта на трудот е да се испитаат и утврдат трошоците и придобивките кои се поврзани со формирање на Европската монетарна унија. Притоа се заклучува дека Еврозоната не е оптимална валута област, иако значителен напредок е направен во однос на конвергенција на стапките на инфлацијата, финансиската интеграција и интензивирањето на трговијата меѓу земјите-членки, од воведувањето на еврото до моментот кога е правено истражувањето. Сепак, критериумите кои се однесуваат на мобилноста на работната сила, флексибилност на платите, фискалната и политичката интеграција, се далеку од задоволени.

15. ***External debt as a fundamental problem of developing countries***

Надворешниот долг е еден од клучните проблеми во глобалната економија, особено во земјите во развој. Имајќи го тоа предвид, неопходни се соодветни стратешки начини кои ќе им овозможат на овие земји да излезат од хроничната должничка криза. Овој труд ги анализира детерминантите на долгорочниот надворешен долг во земјите во развој. Притоа се доаѓа до заклучок дека покрај стандардните економски варијабли и институционалните и социо-политичките варијабли се клучен фактор во објаснување на нивото на надворешниот долг во овие земји. Се истакнува дека меѓународната должничка криза била предизвикана кога голем број сиромашни земји не биле во можност да ги платат каматите за нивниот надворешен долг. Преку стратешки пристап кандидатката дава препораки, упатства и предлози за надминување и решавање на надворешниот долг на земјите во развој, како клучно прашање во глобалната економија. Исто така, се потенцира дека евентуалниот неуспех на стратегијата, економската стагнација или недостатокот на квалитет во економскиот развој во овие земји би значеле дополнително продлабочување на долгот.

*The macroeconomic effects of remittances in southeast Europe.*

Целта на овој труд е да се анализира влијанието на приватните трансфери-дознаките во обезбедувањето на стабилност на платниот биланс во земјите од Југоисточна Европа. Се истакнува дека овие текови на капитал ги неутрализираат хроничните дефицити на тековната сметка, го намалуваат недостигот на девизи и позитивно влијаат врз билансот на плаќања. Покрај позитивните се анализираат и негативните ефекти на дознаките од странство врз билансот на плаќања во овие земји. Исто така, се истакнува дека овие текови на капитал имаат тенденција да бидат постабилни од другите надворешни текови, па дури и може да делуваат контра циклично во економијата примател, за разлика од другите текови на капитал кои делуваат проциклично – се зголемуваат во експанзија, а се намалуваат во рецесија.

*The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics*

Главната цел на овој труд е да се анализира влијанието на финансиската нестабилност врз динамиката на странските директни инвестиции (СДИ). Меѓу академските економисти и креаторите на економската политика постои широко прифатено мислење дека СДИ се многу постабилни во периоди на финансиска криза, наспроти сите други приливи на

капитал. Нивната стабилност е заснована на фактот дека тие можат потешко да се повлечат од земјата примател, за разлика од другите инвестиции. Во трудот се прави анализа и компарација на движењето на СДИ и останатите текови на капитал за време на последната глобална криза. Притоа се истакнува дека во овој период се случи колапс на глобалните текови на СДИ. Овие капитални текови беа значително намалени и реагираа многу побрзо во кризата во споредба со другите форми на капитал. Заклучокот е дека и овие форми на капитални текови можат да покажат нестабилност како и сите други видови на капитал, доколку глобалната економија се соочи со значителна финансиска нестабилност.

*Liberalization of capital flows in the EU accession countries*

Членството во ЕУ бара, меѓу другото, целосна либерализација на капиталните текови. Сепак, еден потенцијален проблем е дека земјите што пристапуваат кон Унијата можат да очекуваат големи приливи на капитал, бидејќи во овој период поради недостатокот на капитал приносот од инвестициите во овие земји е повисок. Во трудот се анализира главната опасност која може да произлезе од големите капитални текови, а тоа е можноста од ненадејно повлекување на капиталот доколку меѓународниот пазар ја промени проценката за ситуацијата во која се наоѓа соодветната земја. Во трудот се даваат соодветни препораки кои се однесуваат на одговорите на политиките кои земјите треба да ги применуваат во случај на големи капитални приливи. Се нагласува дека кога земјите пристапуваат кон Унијата треба да развијат здрав финансиски систем, како предуслов за обезбедување на стабилен и соодветен режим на движење на капиталот. Во исто време, тие треба да го зајакнат кредибилитетот на нивните макроекономски политики и нивните режими на девизен курс, со цел да се избегнат банкарски и валутни кризи и да ја зачуваат финансиската стабилност во нивните економии.

**Научноистражувачки проекти**

*Д-р Весна Георгиева-Свртинов во изборниот период била ангажирана во следниве национални и меѓународни научни проекти:*

1. „Обуки за социјално земјоделство и територијален развој" founded byErasmus + Programme of the European Union,implemented by Comunit Development Institute. Референтен број 2017-1-IT01-KA202-006055, 2018.
2. „Стекнување на клучни компетенции за економска и социјална одржливост" founded by Erasmus + Programme of the European Union implemented by Comunit Development Institute. Референтен број 2017-1-CK01-KA204-035371. 2018.
3. „Економските импликации од политичката криза во Република Македонија", УКИМ (2017-2018).
4. „Земјоделството и општествено-економскиот развој на Република Македонија", Економски институт-Скопје (2017-2018).
5. „Претприемништвото во јавниот сектор во Република Македонија", Економски институт-Скопје (2017-2018).
6. "Development of technology and concentration of the international capital", founded by O.C.S. Plants, Technologies and Processes Kft. Budapest, 2018.
7. "Research on the support of domestic companies by banks and the level of development of the industry", founded by ITEC srl , Villarbasse, Italy, 2018.
8. „Унапредување на организациските структури и менаџмент практиките на деловните субјекти за органски земјоделски производи во Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2017.
9. "Enhancing Competitiveness of Microenterprises in Rural Areas", founded by European Comission, implemented by Comunit Development InstituteProject reference 2016-1-IE01-KA202-016865, 2017.
10. „Карактеристики на јавниот долг на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2017.

„Можности и перспективи за развој на Македонската берза на хартии од вредност во услови на криза од глобален и регионален карактер", Економски институт – Скопје, 2016.

11. „Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од

реалниот сектор во РМ и можности за нивно унапредување", УКИМ (2015-2016).
12. "Managing finance of the Chartered Institute of Public Finance and Accountancy (CIPFA)", founded by Center of excellence in Finance (CEF) and World Bank, 2015
13. „Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија", УКИМ (2014-2015).
14. „Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание", Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013.

*За време на изборниот период кандидатката зела учество на следните домашни и меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и собири (со сертификат):*

- Corporate governance in transition economies. Tenth Jubilee International Scientific conference " The power of knowledge. Agia Triada, Greece. 2016.
- Influence of workers' remittances on alleviation of the current account reversals in the Western Balkans. International Conference of the Balkans demography:The population of the Balkansat the dawn of the 21st century, October 2015.

*Accounting treatment of intangible assets*.11-th International Scientific Conference of Young Scientists, "The Economy of Bulgaria and European Union: Competitiveness and Innovations", UNWE Sofia, Faculty of Finance and Accountancy 2015.

Jubilee International Scientific Conference , The future of Integration, the Future of the European Union, May 2013.

Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization State University of Tetova. 2013.

Современите финансиски кризи во ерата на глобализацијата. Меѓународна научна конференција „Промените во глобалното општество", Европски универзитет - Скопје, јуни 2013.

Regional Development and Demographic Flows of South-East European Countries XVIII Scientific Conference University of Nis, june, 2013.

- Creative and Culture Enterpreneurship in Global Business Меѓународна научна конференција „Промените во глобалното општество", Европски универзитет Скопје, јуни 2013.
- Globalization and the income distribution between the countries. International Scientific Conference" The Science and the Socil Devfelopment" European University, Skopje, May, 2014.
- The macroeconomic effects of remittances in southeast Europe Regionalnoj naucnostrucnoj konferenciji: Odrzlivi ekonomski razvoj – Savremeni I multidisciplinarni pristupi. Jun 2014, Beograd.

***Наставно-педагошката дејност** на кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов ги содржи сите елементи и видови активности во високообразовната дејност:*

- Предавања на повеќе предмети (Меѓународна економија, Меѓународни финансии, Макроекономија, Микроекономија, Економија на пари, банкарство и финансиски пазари, Меѓународен финансиски менаџмент, Монетарна економија, Економија на пари банкарство и финансиски пазари, Менаџерски финансии, Финансиска анализа и известување, Макроекономски политики и развој, Оценување на инвестиции, Планирање и оптимизација на логистика, Меѓународни финансиски пазари и институции, Финансиски пазари и институции, Девизен пазар и девизно работење, Корпоративно претприемништво) од кои предметите Макроекономија, Микроекономија, Меѓународна економија, Макроекономски политики и развој, Меѓународни финансии, Меѓународен финансиски менаџмент, Меѓународни финансиски пазари и институции, Девизен пазар и девизно работење содржат проблематика од областа на која се избира;
- Вежби и консултации на повеќе предмети од кои најголем дел содржат проблематика од областа на која се избира;
- Реализација на испити по повеќе предмети од кои најголем дел содржат проблематика од областа на која се избира;

- Менторства на кандидати за дипломски трудови и членување на комисии за одбрана на димпломски работи, магистерски трудови и докторски дисертации;
- Издавање учебници и учебни помагала (вклучувајќи и од областа во која се избира).

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

*Кадидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов учествува во реализацијата на стручно-апликативни и организациско-развојни дејности од кои позначајни се следниве:*

- Член на реализација (предлагање и изработка) на научноистражувачки проекти на Економскиот институт (Одлука бр 02-223/1 од 4.2.2015 година.
- Член на Комисија за самоевалуација на Економски институт - Скопје, 2017/2021 година (Одлука бр. 02-1965/1 од 4.12.2017 година).

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатката зела учествуво во следниве предавања и обуки:

- Оценка на исплатливоста на инвестициите. Институт Практикум, Скопје;
- Изработка на бизнис план. Институт Практикум, Скопје;
- Анализа на финансиски извештаи. Институт Практикум, Скопје;
- Анализа на податоци. Институт Практикум, Скопје;
- Финансиска планирање и предвидување. Институт Практикум, Скопје;
- Компјутерско водење на финансиско сметководство. Институт Практикум, Скопје;
- Финансиска анализа во ексел. Институт Практикум, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната и научноистражувачка активност на пријавената кандидатка за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област *меѓународна економија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов има одбрането докторска дисертација од областа на меѓународната економија, која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;

2. Кандидатката по изборот во звање доцент, а подоцна и во звање вонреден професор на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје има покажано голема активност на полето на наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, при што може да се констатира дека ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа меѓународна економија.

3.Од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов има објавено голем број трудови од областа на меѓународната економија во релевантни домашни и меѓународни научни публикации и мошне активно работи на истражувања од оваа област.

4. Преку досегашната работа и повеќегодишното искуство во академската област, како предметен наставник, кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов се издвојува и докажува со стручност, академска зрелост и сериозен пристап во работењето во академската средина.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високотоо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа меѓународна економија**.**

Оттаму, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да го усвои нашиот предлог и кандидатката **проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов ја избере за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-рТрајко Мицески, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Ристе Темјановски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Круме Николовски, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**(Д-р Весна Георгиева-Свртинов, период 2013 - 2018)**

| **Р. бр.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| **1.** | **Монографија или научна книга**<br>ред.бр. 20; | 1 | 10 | | | 10 |
| **4.** | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор - 9, втор автор - 6, останати автори - 3)**<br>ред.бр. 3; ред.бр. 4; ред.бр. 5; ред.бр. 6; ред. бр. 7; ред.бр. 8; ред.бр. 9; ред.бр. 13; ред.бр. 14; ред.бр. 15; | 11<br>5<br>7 | 9<br>6<br>3 | | | 99+30 +21= 150 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**<br>ред. бр. 10; | 28 | 2 | | | 56 |
| **9.** | **Учество на научен собир со реферат (усно, потврдено со сертификат за учество)** | 11 | 1,5 | | | 16,5 |
| **10.** | **Одбранета докторска дисертација** | 1 | 8 | | | 8 |
| **11.** | **Одбранета магистерски труд** | 1 | 4 | | | 4 |
| **13.** | **Учесник во научен проект**<br>ред.бр. 22; ред.бр. 23; | 15 | 2 | | | 30 |
| **23.** | **Рецензент на научен труд** (СЦИ/ЦА/ <u>останати</u>) | 10 | 1 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **284,5** |
| **Р. бр.** | **СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | **Книга**<br>ред. бр. 17; | 2 | 10 | | | 20 |
| **4.** | **Стручна монографија**<br>ред. бр. 18;ред. бр. 19;ред. бр. 21; | 4 | 3 | | | 12 |
| **28.** | **Член на факултетски орган, комисија** | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **36** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **360,5** |